Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 327/0306
29.08.18 год.
Скопје

29.08.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27 август 2018 година, врз основа на примена жалба од новинската агенција „Мета.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Емисијата „Само вистина“, емитувана на 16 јули 2018 година на ТВ Канал 5, не отстапува од професионалните и етичките стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 17 јули 2018 година, новинската агенција „Мета.мк“ (www.meta.mk) поднесе жалба за емисијата „Само вистина“, емитувана на 16 јули 2018 година, на Телевизија „Канал 5“ (www.kanal5.mk).

Во жалбата се наведува дека емисијата содржи говор на омраза, а дека гостинката во емисијата Иванка Василевска дала искази, со кои, како што тврди подносителот на жалбата, се повикувало на насилно уривање на уставниот поредок и се поттикнувало војна.

*„Според сите етички принципи, новинарката – водител, како и медиумот, има должност да ги предупреди гледачите за што се работи во ситуација кога гостинката врши кривично дело според Кривичен законик, да се огради и да објасни што значат така лесно изговорените зборови со кои се „нормализира“ убивање, односно се промовира и поттикнува политичко насилство во форма на најава. Очигледно е дека целта на ваквите изјави е да создадат чувство на несигурност или страв кај граѓаните“*, се посочува во жалбата, поднесена од новинската агенција „Мета“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Канал 5“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Директорот на „Канал 5“, Иван Мирчевски, одговори на наводите на жалителот.

Мирчевски смета дека поднесена жалба е неоснована, зашто, како што посочува, новинарот-водител на емисијата правовремено и правилно реагирал на истакнатите ставови на гостинот и го прекинал разговорот, не дозволувајќи ситуацијата во студиото да ескалира.

Од Канал 5, меѓу другото, појаснуваат дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Р.Македонија (АВМУ) извршил вонреден надзор на оспореното издание на емисијата „Само вистина“, но оти не констатирал никакво прекршување.

*„Видно од писмениот извештај за извршениот програмски надзор, не е констатирано прекршување на посебните забрани од чл.48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Воедно, како што е погоре наведено, новинарот водител не дозволил, односно ја спречил понатамошната дискусија и соодветно и коректно реагирал на искажаните изјави на гостинот“*, се вели во одговорот на жалбата на директорот на Канал 5, Иван Мирчевски.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 27 август, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да го утврдуваат настапот на гостинката во емисијата. Нивна надлежност е единствено да ги утврдуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата се согласи дека нема повреда на новинарските начела од страна на новинарката – водител на емисијата „Само вистина“. Таа реагира професионално, правовремено и ја прекинува соговорничката, посочувајќи ѝ дека нејзините зборови се пресериозни обвинувања.

Членовите на Комисијата констатираа дека поради брзината на говорењето на гостинката, водителката и немала реална можност да реагира побрзо, но веќе во следната минута, откако се оградува од зборовите на соговорничката, повикува на пауза, односно реклами.

Оспорениот дел од емисијата, кој беше предмет на детална анализа на Комисијата на жалби, го пренесуваме и во форма на транскрипт:

**Иванка Василевска:** (58.52 минута) „Одиме најхипотетички, затоа што се` е сега хипотетички. Ништо не е реално. Најхипотетички, доколку има избори и не се даде Законот за Влада, значи тераат како што сакаат. **Мртви ќе има по улици.** Не зборуваме за Скопје. Ние сме навикнати да гледаме од призма на градот. Знаете што ќе се случува по другите места низ Македонија? **Дали знаете колку луѓе ќе загинат?**

**Водителката:** „А, зошто да има?

**Иванка Василевска: Затоа што ќе биде крв до колена.** Прво ќе има политички и полициски притисок на луѓето да не излегуваат или да гласаат за СДСМ. Ќе ги носат, малтретираат, ќе ми се закануваат со работни места, со се`. Знаете, како е во помалите места? Во моментов, еве јас ја работам третата изборна единица“.

**Водителката** (49.35 минута): **„Ова се пресериозни обвинувања за било кого да е, за било кого да е“.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Иванка Василевска:** „Ова е целата вистина за Македонија. Бидејќи овде е „Само вистина", овде мора да ја говориме само вистината".

**Водителката:** „Апсолутно, јас ви дозволив..."

**Иванка Василевска:** Да ги разубедиме, да ги натераме да се покајат и да најдеме некој консензус. „Зашто, ако дојде до тоа, што да ви кажам..."

**Видителката:** (50.12 минута) Повикувам пауза со реклами, па продолжуваме со емисијата.

Согласно горенаведеното, членовите на Комисијата се согласија дека во оспорената емисијата нема отстапување од професионалните и етичките стандарди. Во оваа прилика, Комисијата ги повикува медиумите и новинарите безрезервно да се оградуваат од говор на омраза и поттикнување на насилство и дискриминација. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност. Затоа, новинарот е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик, промовирање на стереотипи и дискриминација.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Телевизија „Канал 5" (www.kanal5.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595